РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 04-80/23
08. 03. 2021 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, донесе

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен државен службеник

1. За извршител на работното место **Државен советник за организација на државната власт, локална самоуправа, администрација и информатичко општество**, со шифра **УПР0101Б01000**, со звање државен советник, во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, по интерен оглас број 01/2021, со арх.бр. 04-80/2 од 18.02.2021 година, од предложената ранг листа се избира кандидатот:

- **Тања Каранфиловска**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на интернет страницата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

## Образложение

На ден 22.02.2021 година на интернет страниците на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација беше објавен интерен оглас број 01/2021, со арх.бр. 04-80/2 од 18.02.2021 година, за пополнување на две (2) работни места со унапредување.

На ден 04.03.2021 година, Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни државни службеници бр. 04-80/7 од 01.03.2021 година, спроведе административна селекција, за што беше составен Записник од административната селекција за интерен оглас бр. 04-80/21 од04.03.2021 година, а потоа спроведе интервју во просториите на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, на кое се јави кандидатот од точка 1 од оваа одлука. За спроведеното интервју е составен Записник од работа на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-80/22 од 04.03.2021 година, во чиј состав е и ранг листа на најдобро рангирани кандидати и истиот е доставен до секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на Записникот со финална ранг листата за работното место Државен советник за организација на државната власт, локална самоуправа, администрација и информатичко општество, со шифра **УПР0101Б01000**, со звање државен советник, секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

**СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ**
**ЗА ЗАКОНОДАВСТВО**
**Лила Пејчиновска Миладиновска**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива